# Откријте го NATO

ПОВЕЌЕ ИНФО?
посетете ја веб страницата:
www.nato.int



## Заштита на луѓето

Ние често си земаме здраво за готово дека можеме да се движиме слободно наоколу во безбедна и економски стабилна средина. Безбедноста во сите полиња на секојдневниот живот е клуч за нашата благосостојба.

## Градење мир и стабилност

Многу страни можат да уживаат истовремено во благодетите кои произлегуваат од стабилноста. Од пресудна улога е да се стабилизираат регионите каде тензиите поставуваат закани по безбедноста. Затоа НАТО игра активна улога во операциите на управување со кризи, во соработка со други меѓународни организации.

## Создавање партнерства

Формирање на дијалог и на соработка е пресудно за мирни односи и за подлабоко меѓународно разбирање.

НАТО обезбедува единствена можност за земјите кои се членки и партнери за консултација во врска со безбедносни прашања за градење на довербата и, долгорочно, во помагање на спречување на конфликти.

Преку практична соработка и мултилатерални иницијативи, земјите заедно се соочуваат со новите безбедносни предизвици.

## Борба против новите закани

Како што се менува природата на заканите, така мора да се менуваат и методите на зачувување на мирот. НАТО врши преориентација на своите одбранбени капацитети кон заканите на денешното време. Тој прилагодува сили и развива мултинационални пристапи за справување со тероризмот, со нестабилни држави, и со други безбедносни закани како оружјата за масовно уништување.

## Земји-членки и земји-партнери

потпишувањето на Северноатлантскиот договор на 4 април 1949 г.

### ЗЕМЈИ-ЧЛЕНКИ (+ДАТУМ НА ПРИСТАПУВАЊЕ)

Албанија /2009
Белгија /1949
Бугарија /2004
Канада /1949
Хрватска /2009
Чешка /1999
Данска /1949
Естонија /2004
Франција /1949
Германија /1955
Грција /1952
Унгарија /1999
Исланд /1949
Италија /1949
Летонија /2004
Литванија /2004
Луксембург /1949
Холандија /1949
Норвешка /1949
Полска /1999
Португалија /1949
Романија /2004
Словачка /2004
Словенија /2004
Шпанија /1982
Турција /1952
Обединетото Кралство /1949
Соединетите Американски Држави /1949

### ЗЕМЈИ ВО ПАРТНЕРСТВО ЗА МИР

Ерменија
Австрија
Азербејџан
Белорусија
Босна и Херцеговина
Финска
Грузија
Ирска
Казахстан
Киргистан
Малта
Молдавија
Црна Гора
Русија
Србија
Шведска
Швајцарија
Таџикистан
поранешната југословенска Република Македонија*
Туркменистан
Украина
Узбекистан

### ЗЕМЈИ-ПАРТНЕРИ ОД МЕДИТЕРАНСКИОТ ДИЈАЛОГ

Алжир
Египет
Израел
Јордан
Мавританија
Мароко
Тунис

### ЗЕМЈИ ОД ИНСТАНБУЛСКАТА ИНИЦИЈАТИВА ЗА СОРАБОТКА

Бахреин
Кувајт
Катар
Обединети Арапски Емирати

*Турција ја признава Република Македонија под нејзиното уставно име.




# Што е НАТО?

Организацијата на Северноатлантскиот договор е една од главните меѓународни институции во светот. Тоа е политички и воен сојуз кој обединува 28 земји-членки од Европа и Северна Америка.

Овие земји се собираат заради соработка во полето на безбедноста и одбраната. Во овој поглед, НАТО обезбедува единствено поврзување помеѓу овие два континента за политичка и безбедносна соработка.

## Што прави НАТО?



НАТО е определен да ги штити своите членки преку политички и воени средства. Тој исто така охрабрува консултација и соработка со земји кои не се членки на НАТО во широк домен на полиња поврзани со безбедноста, како реформи во одбраната и чување на мирот.

Преку своите дискусии и партнерства, НАТО придонесува на спречување конфликти во рамките и надвор од границите на своите земји-членки.

Тој промовира демократски вредности и е определен за мирно решавање на споровите. Ако дипломатските напори не успеат, тој има воен капацитет потребен за преземање на управување со кризи и мировни операции сам или во соработка со други земји и со меѓународни организации.

НАТО исто така има и трета димензија која се состои од активности во полето на планирање во вонредни состојби од не-воен карактер, помагајќи им на Сојузниците и на Партнерите да реагираат при елементарните непогоди, како и да се промовира соработката во полето на науката и животната средина.

## Како работи НАТО?

Секоја земја-членка има постојана делегација во политичкиот штаб на НАТО во Брисел. Истата ја предводи амбасадор, која ја претставува својата влада во процесот на консултации и на донесување одлуки во Сојузот.

Северноатлантскиот совет е најважното политичко тело за донесување одлуки во рамките на Организацијата. Се состанува на разни нивоа и со него претседава Генералниот секретар на НАТО кој помага на членките да постигнат договор за клучни прашања. Сите одлуки во рамките на секој од комитетите на НАТО се донесуваат со консензус. „Одлука на НАТО“ затоа е одраз на колективната волја на сите земји-членки.

НАТО има многу малку свои постојани сили. Кога една операција е договорена од страна на Северноатлантскиот совет, земјите-членки обезбедуваат сили на доброволна база. Овие сили се враќаат во своите земји откако мисијата е завршена.

Улогата на военокомандната структура е да ги координира и извршува овие операции. Оваа структура се состои од штабови и бази лоцирани во разни земји-членки.

Секојдневните активности на НАТО, цивилните и воените структури и програмите за инвестирање во безбедноста се финансирани преку заеднички буџети во кои владите на земјите-членки даваат придонес според една договорена формула за делење на трошоците.



© NATO 2010 - MAC